Република Македонија

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

**Бр. 12**

**06.08.2021**

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /,,Службен гласник на општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14,10/19 и 7/21 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на ОДЛУКАТА за давање на користење и управување на Мултифункционалниот Центар во с.Слоештица**

1.Ја објавувам Одлуката за давање на користење и управување на Мултифункционалниот Центар во с.Слоештица, донесена на ИТНА седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 05.08.2021 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08- 832/1 Општина Демир Хисар
06.08.2021 година Градоначалник
Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.

Врз основа на член 22, став 3 и став 5 ичлен36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа ( Службен весник на РМ број 05/2002 година), член 43 став 1 точка 10 од Статутот на општина Демир Хисар, Советот на општинаДемир Хисар на седницата одржана на ден 05.08.2021 ја донесува селедната

# ОДЛУКА
**за давање на користење и управување на Мултифункционалниот Центар во с.Слоештица**

Член 1

Со цел поттикнување на развојот на руралниот туризам и зачувување на културно-историските вредности на Демир Хисар, а во насока на остварување на своите надлежности како и целите на Проектот „Откривање на скриените атракции“ финансиран од ЕУ во рамките на ИПА Програмата за прекугранична соработка меѓу Република Северна Македонија и Република Албанија,Бр.на Договор 2019/411-175, Совет на Општина Демир Хисар ја донесува оваа Одлука за давањето на користење и управување на објектот Задружен Дом, КП1416/1, КОСлоештица сега наречен Мултифункционален Центар на ЗКРР „Орнамент“.

Член 2

Периодот за кој се однесува користењето и управувањето со Мултифункционалниот Центар е 15 години.

Член 3

Правата и обврските во врска со давањето на користење и управување на Мултифункционалниот центар детално ќе бидат дефинирани со Договор.

Бр.17- 809 /2
05.08.2021 година
Демир Хисар

Совет на општина Демир Хисар
Претседател,
Благоја Станојоски с.р.

---------------------------------------------------------------------------------------------------------

С О Д Р Ж И Н А

1. Одлука за давање на користење и управување на Мултифункционалниот Центар во с.Слоештица -----------------------------------------------------------------1-2

**Општина Демир Хисар, ул. Битолска б.б**
**тел. 047/552-661**

**Градоначалник**
**Марјанче Стојановски**

**Компјутерска обработка**
**Виолета Пајковска**